**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Четвртата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 14 септември 2006 година**

Седницата се одржа во Собранинето на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,09 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше претседателот на Собранието господинот Љубиша Георгиевски.

**Љубиша Георгиевски:** Дами и господа пратеници,

Ја отворам Четвртата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Блерим Беќири, Сафет Незири, Абдулади Вејсели, Џевад Адеми, Рафис Алити, Теута Арифи, Али Ахмети, Агрон Буџаку, Фазли Велиу, Садула Дураки, Зумрете Јакупи, Аднан Јашари, Азис Положани, Селвије Салиу, Ајше Селмани, Фадил Сулејмани, Тахир Хани, Андреј Жерновски, Љубчо Георгиевски, Данаил Дончев, Владо Бучковски ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Ве молам да притиснеме едно од копчињата на системот за гласање за да го утврдиме бројот на присутните пратеници во салата.

(По утврдувањето на бројот на присутни пратеници со помош на едно од копчињата на системот за гласање).

Ги молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници.

(Службите го утврдуваат точниот број на присутни пратеници).

Констатирам дека во салата се присутни 75 пратеници.

Процедурално Макрадули Јани бара збор.

Повелете.

**Јани Макрадули:** Почитуван претседателе,

Пратеничката група на СДСМ во интерес на конструктивна работа во Собранието и да не се доведе Собранието во дилема дали минатиот пат одлуките биле донесени со 60 или со 61, се врати во Собранието да учествува во работата.

Но, процедурално сакам да ве прашам дали ги броевте пратениците на кои сеуште не им е верифициран мандатот во бројот што е овде присутен, бидејќи драстично скокна бројот на она реално што се пратеници со верификувам мандат и оние кои се тука присутни, а не знам од кои причини имаат картица. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Девет души минусиравме од општата бројка колку беа преброени. А, картиците се такви, блокирани, што не можат да ги употребуваат.

Инаку ви благодарам на присуството.

Продолжуваме со работа.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата се поканети Претседателот на Република Македонија, претседателот и членовите на Владата на Република Македонија и претседателот на Државната изборна комисија.

Записникот од Конститутивната седница на Собранието Ви е доставен.

Дали некој има забелешки на записникот? (Нема)

Констатирам дека записникот од Конститутивната седница на Собранието е усвоен без забелешки.

Комисијата за деловнички и мандатно-имунитетни прашања предлага дневниот ред на оваа седница да се дополни со верификација на мандати на пратеници во Собранието на Република Македонија.

Предлогот за верификација Ви е доставен.

Го молам претседателот на Комисијата за деловнички и мандатно-имунитетни прашања да ја образложи итноста верификација на мандатите на пратениците во Собранието на Република Македонија да биде разгледана на оваа седница.

Има збор претседателот на Комисијата Светлана Јакимовска.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

Почитуван претседателе на Собранието, почитувани колеги пратеници,

Предлагам, согласно член 66 од Деловникот на Собранието на Република Македонија дневниот ред на оваа Четврта седница на Собранието да се дополни со следна точка, а тоа е верификација на мандати на пратеници на Собранието на Република Македонија.

Ова, од причина што во членот 16 од Деловникот на Собранието на Република Македонија е утврдено дека верификацијата на мандатот на пратеници избрани на дополнителни избори или кои станале пратеници од листата на кандидати за остатокот од мантатот Собранието ја врши на првата наредна седница врз основа на Извештајот од Државната изборна комисија, а по предлог на Комисијата за деловнички и мандатно-имунитетни прашања. Согласно оваа одредба од Деловникот, Комисијата за деловнички и мандатно-имунитетни прашања на 11 септември 2006 година одржа седница на која што го разгледа Извештајот на Државната изборна комисија за преземените работи, согласно членот 153 од Изборниот законик и му предлага на Собранието на Република Македонија да ги верифицира мандатите на избраните пратеници од листите на кандидати за остатокот од мандатот.

Поради ова, имајќи ја предвид горенаведената одредба од Деловникот, а согласно членот 66 од Деловникот, предлагам дневниот ред на Четвртата седница на Собранието да се дополни со точка - Верификација на мандати на пратеници на Собранието на Република Македонија.

Материјалот за оваа точка ви е доставен. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Предлогот на Комисијата го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 68 пратеници гласале за 68, воздржани нема, против нема.

Констатирам дека предлогот на Комисијата е усвоен.

Комисијата за прашања на изборите и именувањата предлага дневниот ред на оваа седница да се дополни со Предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на претседател, заменик на претседателот, членови и нивни заменици на Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија и Предлог на одлука за избор на претседатели, заменици на претседатели, членови и нивни заменици на комисиите на Собранието на Република Македонија.

Предлозите на одлуките Ви се поделени.

Заради рационалност, претседателот на Комисијата за прашања на изборите и именувањата ќе ги образложи двата предлози, а гласањето ќе го вршиме за секој од нив одделно.

Го молам претседателот на Комисијата за прашања на изборите и именувањата да ја образложи основната и неодложна потреба овие предлози да бидат разгледани на оваа седница.

Има збор претседателот на Комисијата за прашања на изборите и именувањата Трајко Вељаноски.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам претседателе.

Почитуван претседателе, колеги пратеници,

Како што ви е познато, Собранието на Република Македонија на седницата одржана на 26 август 2006 година донесе Одлука за основање на постојани работни тела на Собранието на Република Македонија. Комисијата за прашањата на изборите и именувањата постапувајќи по таа Одлука, на вчерашната седница донесе две одлуки. Едната одлука е за изменување и дополнување на Одлуката за избор на претседател, заменици и членови на Комисијата за прашањата на изборите и именувањата, а другата одлука се однесува за избор на претседатели, заменици на претседатели, членови и нивни заменици на комисиите на Собранието на Република Македонија.

Неопходноста и итноста за ставањето на овие две точки на дневен ред се состои во тоа за да може Собранието да профункционира во целосен состав, односно со формирањето на овие работни тела, комисии ќе можат комисиите да дадат свој придонес по однос на законите што доаѓаат од Владата при Собранието и одредени работи претходно да се расчистуваат во комисиите, наместо директно да оди на пленарната седница. Гледаме дека од Владата доаѓаат закони за кои што би требало да се произнесат комисиите.

Затоа сметам дека е неопходно и итно на оваа седница да се стават овие две точки за да можат да се формираат комисиите. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Предлогот на Комисијата Предлогот на одлуката за изменување на Одлуката за избор на претседател, заменик на претседателот, членови и нивни заменици на Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија ги ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

За предлогот гласале 70 пратеници, воздржани нема, против нема.

Констатирам дека предлогот на Комисијата е усвоен.

Предлогот на Комисијата Предлогот на одлуката за избор на претседатели, заменици на претседатели, членови и нивни заменици на комисиите на Собранието на Република Македонија го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

За предлогот гласале 76 пратеници, 75 гласале за, 1 гласал воздржано, против нема.

Констатирам дека предлогот на Комисијата е усвоен.

Владата на Република Македонија предлага дневниот ред на оваа седница да се дополни со Предлог на одлука за прераспределба на средствата меѓу буџетските корисници.

Предлогот на одлуката Ви е доставен.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи итната и недоложна потреба Предлогот на одлуката да биде разгледан на оваа седница.

Има збор министерот Трајко Славески.

**Трајко Славески:** Благодарам господине претседателе.

Поздрав до сите пратеници.

Почитувани, Владата, по изборот и по преземањето на функциите констатира дека буџетската сметка на корисникот Влада на Република Македонија е блокирана на 18 август 2006 година како резултат на извршно судско решение на група доверители од приватен субјект.

Со оглед на тоа што институцијата Влада на Република Македонија има редовни расходи за да функционира нормално, на својата прва седница донесе заклучок и го задолжи Министерството за финансии да обезбеди средства за нормално функционирање на Владата во текот на 2006 година преку прераспределба на средства меѓу буџетски корисници.

Министерството за финансии ја достави Предлог-одлуката до Владата а Владата ја препраќа до Парламентот, затоа што за ваква прераспределба потребно е да се донесе одлука од Парламентот.

Со оглед на тоа што Владата на Република Македонија како институција треба нормално да функционира за што се потребни средства, молам

Парламентот да ја разбере итноста од ставање на оваа точка на дневен ред. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Предлогот на Владата Предлогот на одлуката да се разгледа на оваа седница го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 77 пратеници, 77 гласале за, воздржани нема, против нема.

Констатирам дека Предлогот на Владата е усвоен.

Владата на Република Македонија предлага дневниот ред на оваа седница да се дополни со Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за електронски комуникации, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на закон, со Предлог на закон Ви е доставен.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи итната и неодложна потреба Предлогот за донесување на закон, со Предлог на закон да биде разгледан на оваа седница.

Има збор министерот Јанакиески.

**Миле Јанакиески:** Благодарам претседателе.

Со цел зајакнување на стручноста на членовите на Комисијата, а во насока на реализација на Програмата на Владата на Република Македонија и утврдените рокови и постигнување на реална и ефикасна либерализација на фиксната и во мобилната телефонија, што претставува еден од условите за негово постоење, предлагаме да се пристапи кон измена и дополнување на постоечкиот закон. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Предлогот на Владата Предлогот за донесување на законот со Предлог на закон да се разгледа на оваа седница го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 72 пратеници, 52 гласале за, воздржан 1, а 19 пратеници гласале против.

Констатирам дека Предлогот на Владата е усвоен.

Повелете господине Поповски, барате збор процедурално.

**Никола Поповски:** Благодарам.

Претседателе, сакам во врска со процедурата за ставање на овој закон на дневен ред да ве запрашам вас, како одговорен за Деловникот и работата да ја расчистеме.

Законот што ни е доставен, во него пишува Предлог за изменување и дополнување на Законот за електронски комуникации, со Предлог на закон. Не пишува итна постапка. Тоа го пишува и на корицата, тоа го пишува и во текстот на Законот. Во писмото што е потпшано од претседателот на Владата и што е препратено до пратеници, претседателот на Владата се повикува на членот 138 од Деловникот. Членот 138 уредува предлог за донесување на закон, а членовите во Деловникот 160, 161 и 162 го уредуваат и предлогот на закон. Со оглед дека Владата предлага во една фаза тоа се истите членови. Така уредува Деловникот.

Во Деловникот пишува дека предлог за донесување на закон претседателот на Собранието го става на дневен ред на седница на Собранието во рок од 30 дена од поднесување на предлогот. Ако не е во прашање сложен и обемен закон, рокот од ставот 1 може да биде и пократок, но не пократок од 15 дена.

Со оглед дека Вие законот вчера ни го доставивте, јас инсистирам да тече рокот од 15 дена за да може Собранието да го гледа. Вие, денеска се повикавте на уште едно друго писмо од Владата, веројатно, во кое Владата не кажува дека бара итност, туку се повикува начленот за итност, а двете се потпишани на истиот датум од страна на Владата односно на 5 септември.

Со оглед дека на ваков начин е тешко да се работи во Собранието, јас барам оваа точка на дневен ред вие да ја симнете и гласањето да го поништите, затоа што Владата ги доведува пратениците во заблуда. На вчерашниот ден, тоа е 13 септември добивме две писма. Едно е со законот каде што пишува во редовна процедура, каде што треба 15 дена законот да го имаме пред да расправаме и веднаш после тоа уште едно писмо по итна процедура, без да се повлече претходното писмо. Со оглед дека двете писма во овој момент се валидни и Владата го нема повлечено претходното писмо, вие денеска извршивте сопствен избор кое од двете писма ќе го доставите како валидно на расправа во Парламентот. Пред Владата да го повлече тоа односно премиерот и да напише дека писмото од 5 септември, со кое што предлага во редовна процедура, а добиено во Собранието на 11 септември во 15,55, како што пишува овде, предлагам законот да го симнете од дневен ред.

Доколку тоа не го направите, јас сметам, а и мојата пратеничка група дека Владата може на ваков начин да ги доведува пратениците постојано во ситуација да испраќа закони со две писма, едно за итност и едно за редовна процедура, а вие на самата седница да одлучувата во каква процедура Собранието ќе работи. Тоа, ќе дозволите да кажам дека не е дозволено. Можеби од аспект на Владата е посакувано, затоа што седница што сте ја закажале пред, согласно со Деловникот, доволен број на денови со една точка, денеска добиваме седница од, според мое сознание ќе стигнеме некаде до 7-8 точки. Тој начин на работа во Собранието е невозможен. Невозможен е затоа што прво не можеме да поднесуваме никакви амандмани, сите одлуки се денеска по итна постапка и законите по итна постапка, а за сите нив имаме писма дека се во редовна постапка.

Вие денеска, на лице место прифаќате писмо што не е повлечено од страна на Владата како валидно. Затоа барам овој закон да го симнете од дневен ред како деловничко однесување, а вие знаете дека Деловникот е со сила на закон во ова

Собрание. Инаку е невозможно да се работи. Таа процедура, ако така се однесуваме денес и ако така продолжиме во Собранието, точно ќе се претвориме во она што Вие како прв човек при изборот го кажавте и уште некои од пратениците кои се од страна на владеачката коалиција дека Собранието нема да биде инструмент на Владата. На овој начин тоа е токму инструмент на Владата.

Предлагам да го повлечете законот од дневен ред, со Ваша одлука. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Прво, законот да се повлече од дневен ред, може само предлагачот да го повлече, ние не можеме.

Второ, кога имате предлог по член 66 за итна постапка, а претходно имате друго писмо, секогаш по логика важи второто. Се разбира, вашата ремарка во принцип е точна и не би требало тоа да се претвори во навика односно во обичај односно Владата кога сака и како сака да ги става пратениците во еден вид фетакомпливост во смисла на размислување за еден закон. Мислам дека сериозно ќе ја уважиме вашата ремарка и нема да дозволиме понатаму такви нешта да се случуваат.

Меѓутоа, од друга страна вие треба да уважите и итноста, потребата од итност што ја предлага Владата, затоа што ние веројатно во мандатот на овој Парламент ќе имаме многу често итни донесувања на закони, заради тоа што од познати политички причини, да не отворам расправа по тоа прашање.

Според тоа, продолжуваме со седницата.

Процедурално се јавува господинот Никола Поповски.

**Никола Поповски:** Благодарам за предупредувањето дека овој Парламент најголем број од законите ќе ги носи по итна постапка. Вие како претседател на Собранието, предлагам да се залагате да ги носи во редовна постапка. Инаку, ќе бидеме инструмент.

Со оглед на тоа дека не известивме дека имаме две писма, од кои второто е подоцна и тоа се применува, писмото и едно и друго се примени на 11.09.2006 година во Архивата и на двете кои ние ги имаме добиено пишува 15,55 минути. Еве Ви ги двете писма, кои претпоставувам дека требаше да ги знаете.

**Љубиша Георгиевски:** Да, постои консултација итн.

**Никола Поповски:** Ве молам да не ми дофрлате од место. Со оглед на тоа дека вие сега утврдивте со ваша волја дека 15,55 и 15,55 едното е после другото, тогаш претпоставувам дека вие се прогласувате и за ментор на времето во светот. Повторно инсистирам да го симнете законот од дневен ред. И, не да го повлече Владата, тука јас побарав вие да го симнете како претседател, бидејќи вие го утврдувате дневниот ред. Ако веќе тоа не го правите, ве молам да се изјасните, на вас го упатив прашањето, а не да се повикувате на Владата. Јас не побарав Владата да го повлече, туку вие да го симнете, затоа што имате уставно право.

**Љубиша Георгиевски:** Јас не го повлекувам изгласаниот закон.

Продолжуваме со седницата.

Владата на Република Македонија предлага дневниот ред на оваа седница да се дополни со Предлог за разрешување на Јавниот обвинител на Република Македонија.

Предлогот Ви е доставен.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи итната и неодложна потреба Предлогот да биде разгледан на оваа седница.

Има збор министерот Маневски.

**Михајло Маневски:** Благодарам господине претседателе, почитувани дами и господа,

Сакам да го образложам предлогот за итноста и неодложноста од поставувањето на оваа точка на дневниот ред. Мислам дека секој изминат час и секој изминат ден претставува изгубено драгоцено време ако не се преземат конкретни, ефикасни и навремени мерки за остварување на една од стратешките цели на Република Македонија за обезбедување на поефикасна заштита од корупција и организираниот криминал.

Тоа е една од главните пречки, би рекол, за побрзо чекорење на Република Македонија на патот кон европските и евроатланските интеграции, а секако и потреба на граѓаните на Република Македонија да не бидат жртви на корупција. Состојбите на овој план се исклучително тешки.

Јавниот обвинител на Република Македонија не ја оправда довербата. Резултатите од неговото работење не се задоволителни.

Владата на Република Македонија смета дека таквата состојба треба да се надминува колку што е можно поитно.

Владата е цврсто определена да води успешна и ефикасна битка против корупцијата.

Ве молам, господине претседателе, предлогот кој ви е доставен во себе инкорпорира предлог за покренување на постапка за утврдување на одговорност за разрешување на Јавниот обвинител на Република Македонија, така и да се разгледа во согласност со членот 58 став 1, точка 6 и став 3 од Законот за јавното обвинителство.

Молам, да го прифатите ова образложение.

Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Предлогот на претставникот на Владата за разрешување на Јавниот обвинител на Република Македонија, Собранието на оваа седница да го разгледа како предлог за поведување постапка за утврдување на одговорност за разрешување на Јавниот обвинител на Република Македонија, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 73 пратеници, за гласале 56 пратеници, воздржано гласале 12 и против гласале 5 пратеници.

Констатирам дека Предлогот е усвоен.

Според тоа, за денешната седница го предлагам следниот дневен ред:

1. Верификација на мандати на пратеници во Собранието на Република Македонија;

2. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на претседател, заменик на претседателот, членови и нивни заменици на Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија;

3. Предлог на одлука за избор на претседатели, заменици на претседателите, членови и нивни заменици на комисиите на Собранието на Република Македонија;

4. Предлог на одлука за прераспределба на средствата меѓу буџетските корисници;

5. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за данокот на додадена вредност, со Предлог на закон;

6. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за електронски комуникации, со Предлог на закон;

7. Предлог за поведување постапка за утврдување одговорност за разрешување на Јавниот обвинител на Република Македонија.

Дали има некој предлог за изменување на предложениот дневен ред.

Има збор господинот Никола Поповски.

**Никола Поповски:** Претседателе, погледнете во мониторот, не во нас, не дигаме рака.

Точката број 4 или 5 ја прочитавте за електронски комуникации како Предлог за донесување на закон, со Предлог на закон и ниту кажавте по итна постапка. Имам впечаток дека не кажавте по итна постапка, затоа што тоа не ви беше така проектирано кај вас. Меѓутоа, Владата ве натера тоа да го смените денес, по мое длабоко уверување, не деловнички, па затоа во дневниот ред ниту констатиравте дека е по итна постапка, а вие самиот го одбивте моето барање да не биде по итна постапка. Тоа што во дневниот ред не ви е по итна постапка, а сега го направивте, го потврдува само тоа што јас претходно ви го кажав дека вие го доведувате Собранието во ситуација на манипулација од ваша страна.

**Љубиша Георгиевски:** Предлогот е како што си е, Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за електронски комуникации, со Предлог на закон. Не беше така ни предложено.

Предложениот дневен ред го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 78 пратеници, 56 гласале за, воздржани нема, 22 пратеници гласале против.

Констатирам дека е усвоен предложениот дневен ред.

Повелете господине Макрадули.

**Јани Макрадули:** Почитуван претседателе,

Веројатно требаше и за промена на редоследот да прашате дали некој се јавува за збор. Но, бидејќи седницата беше закажана, како седма точка на дневен ред беше Законот за измени на Законот за данокот на додадена вредност, а сега имаме ситуација каде што имаме седум точки во кои што, за жал, точките за итност се последни во однос на онаа точка што по регуларна процедура беше доставена и за да можеме конструктивно и со аргументи да зборуваме во Собранието, пратеничката група на СДСМ бара пауза од еден час, за да можеме да се подготвиме за новите точки што денес ги имаме на дневен ред.

**Љубиша Георгиевски:** Предлагам пауза од еден час.

(По паузата седницата продолжи во 12,40 часот)

**Љубиша Георгиевски:** Ги молам пратениците да влезат во салата.

Продолжуваме со седницата.

Процедурално има збор пратеникот Роза Топузова Каревска.

**Роза Топузова-Каревска:** Благодарам претседателе.

Со оглед на тоа дека имаме нов начин на работа во Парламентот и Предлогот за донесување закон за именување и дополнување на Законот за електронски комуникации надвор од Деловникот беше ставен на дневен ред, не очекувавме, мислевме дека нема да расправаме по овој закон на денешнава седница, претеничката група на Либерално демократската партија работи на подготвување на амандманите и токму поради тоа, врз основа на член 79 од Деловникот, бараме пауза од еден час.

**Љубиша Георгиевски:** Јас имам еден предлог.

Уважуваајќи ги вашите аргументи, јас би предложил да ги завршиме првите три точки денес и потоа да ја продолжиме седницата утре, при што ќе имате уште повеќе време сите и за амандмани и за реакции. Бидејќи за првите три точки не верувам дека ќе има некакво продолжување, да ги завршиме, а потоа би предложил да ја продолжиме седницата утре.

**Роза Топузова-Каревска:** Претседателе, јас имам право прцедурално да побарам пауза и го користам тоа право, а ваше е дали ќе дадете или нема да дадете**.** Меѓутоа во Деловникот пишува, во членот 79, кога ќе побара пратеничка група пауза, треба да и биде одобрено.

**Љубиша Георгиевски:** Не е проблем за паузата, но сакам да истакнам, ако дадеме сега еден час пауза, после доаѓа паузата за ручек, тоа се два часа пауза. Затоа предлагам да имате пауза и време за размислување уште поголемо.

**Роза Топузова-Каревска:** Ви благодарам на вниманието што ни го укажувате, но овде има Деловник и работиме по Деловник, а не кој колку

сака време. Барам да се почитува Деловникот и барам пауза од еден час. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Добро, давам пауза од еден час, но паузата ќе се спои со паузата за ручек, значи продолжуваме во 15,00 часот.

(Пауза од 12,50 до 15,10 часот)

Ги молам пратениците да влезат во салата, за да можеме да почнеме.

Службите да ги пребројат присутните.

Продолжуваме со седницата.

**Минуваме на точката 1 - Верификација на мандати на пратеници во Собранието на Република Македонија**

Извештајот на Комисијата за деловнички и мандатно имунитетни прашања ви е доставен.

Отворам претрес по Извештајот на Комисијата за деловнички и мандатно имунитетни прашања.

Има збор претседателот на Комисијата за деловнички и мандатно имунитетни прашања, Светлана Јакимовска. Повелете.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам претседателе.

Почитувани колеги пратеници,

Комисијата за деловнички и мандатно имунитетни прашања на Собранието на Република Македонија на седницата одржана на 11.09 2006 година го разгледа Извештајот доставен од Државната изборна комисија за преземените работи согласно членот 153 од Изборниот законик и врз основа на член 125 од Деловникот на Собранието на Република Македонија го поднесува овој Извештај.

На седницата на Комисијата, одржана на 11.09.2006 година, воведно образложение по Извештајот на Државната изборна комисија даде претседателот на Државната изборна комисија господинот Јован Јосифовски.

Разгледуваајќи го Извештајот на Државната изборна комисија за преземените работи, согласно членот 153 од Изборниот законик, Комисијата за деловнички и мандатно имунитетни прашања на Собранието на Република Македонија констатира дека се исполнети условите за примена на членот 153 од Изборниот законик.

Комисијата, исто така, едногласно констатира, врз основа на Извештајот на Државната изборна комисија, дека нема основ за оспорување на верификација на мандатите на ппратениците. Комисијата за деловнички и мандатно имунитетни прашања на Собранието на Република Македонија согласно член 16 од Деловникот на Собранието на Република Македонија му предлага на Собранието да ги верифицира мандатите на избраните пратеници од листата на кандидати за остатокот од мандатот и тоа: Кире Гештаковски од Коалицијата "За Македонија заедно" во Изборната единица број 5, Ацо Киров од Коалицијата "За Македонија заедно" во Изборната единица број 4, Александар Спасеновски од Коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ и останатите политички партии од Изборната единица број 1, Зоран Петрески од Коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ и другите политички партии од Изборната единици број 2, Веле Ѓорѓиевски од Коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ и другите политички партии од Изборната единица број 1, Анита Кипаризовска-Крстеска од Коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ и останатите политички партии од Изборната единица број 5, Дарко Димитриевски од Коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ и другите политички партии од Изборната единица број 6, Мирјана Секуловска од Нова социјалдемократска партија од Изборната единица број 5 и Хазбие Ибиши од Демократската партија на Албанците во Изборна единица број 1.

Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Дали некој друг бара збор?(Никој)

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот.

Го ставам на гласање Извештајот и Предлогот на Комисијата за деловнички и мандатно имунитетни прашања за верификација на мандатите на пратениците Кире Гештаковски, Ацо Киров, Александар Спасеновски, Зоран Петрески, Веле Ѓеорѓиевски, Анита Кипаризовска-Крстевска, Дарко Димитриевски, Мирјана Секуловска и Хазбие Ибиши.

Ве повикувам да гласаме.

Во салата се 62 присутни, 59 гласале за, воздржани нема, против 1, а во салата беа присутни 62 пратеници.

Констатирам дека Извештајот и Предлогот на Комисијата за деловнички и мандатно имунитетни прашања се усвоени и дека со тоа е извршена верификација на мандатите на пратениците Кире Гештаковски, Ацо Киров, Александар Спасеновски, Зоран Петрески, Веле Ѓеорѓиевски, Анита Кипаризовска-Крстевска, Дарко Димитриевски, Мирјана Секуловска и Хазбие Ибиши.

(Аплауз)

Најсрдечно им честитам на нововерификуваните пратеници и им посакувам успешна работа и многу трпение.

Истовремено, не можам, навистина не можам а да не ја изразам својата згроженост по овод фалшната изјава на парламентарната група на СДСМ дека тие се враќаат во Парламентот, а всушност ги немаше кога е најважното прашање, кога е прашање на верификација на пратеници, меѓу кои двајца и од опозицијата. Но, за тоа, потоа.

(Пратеникот Јани Макрадули при влегувањето во сала бара збор процедурално)

Не, прво седнете, од нога не примам процедурални барања. Седнете прво. Прво седнете. Повелете.

**Јани Макрадули:** Процедурално барам збор.

**Љубиша Георгиевски:** Процедурално има збор господинот Макрадули.

**Јани Макрадули:** Почитуван претседателе,

Вие сте овде должен да се грижите за спроведување на Деловникот. Не сте должен да давате политички експликации и политички толкувања како некој се однесува.

Јас, уште еднаш и укажувам на јавноста во Република Македонија дека се сомневаме дека во чинот на гласање за верификација на мандатите имало повеќе од 60 пратеници и тоа ќе остане дамка на овој пратенички состав и на вас, како претседател на Собранието.

А ние, како политичка партија, сосема легитимно, како што велите и Вие, партиите зависи дали ќе влезат во салата или не и Вие немате комунистичи манири да го обезбедувате кворумот. Затоа, дозволете ние да се однесуваме така како што Вие ни препорачавте.

Значи, сосема легитимно ние, согласно Деловникот, можеме да бидеме во салата или можеме да бидеме надвор од салата. Тоа не ви дава за право, бидејќи вие треба да ја заборавите партиската припадност како претседател на Собранието да давате политички експликации. Го сменивте режимот на работа на Собранието под притисок на Владата за итните точки, не ги ставивте први по редот и сега останува дамка како се избрани овие пратеници.

**Љубиша Георгиевски:** Еве, јас му давам збор на господинот Макрадули дека ќе бидам добар, дека ќе се трудам се по негова желба да направам, да не го променам Деловникот и да не бидам дури ни пратеник во Собранието кој има право да изнесе свој политички став.

Благодарам, продолжуваме натаму.

**Минуваме на точката 2 - Предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на претседател, заменик на претседателот, членови и нивни заменици на Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија**

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на Одлуката.

Молам кој бара збор?(Никој)

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор го заклучувам претресот.

Предлогот на Одкулата го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 68 пратеници, 68 гласале за, воздржани и против нема.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за избор на претседате, заменик на претседателот, членови и нивни заменици на Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија.

**Минуваме на точка 3 - Предлог на одлука за избор на претседатели, заменици на претседателите, членови и нивни заменици на комисиите на Собранието на Република Македонија**

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам претрес по текстот на Предлог на одкуката.

Молам, кој бара збор?( Никој)

Бидејќи никој не бара збро, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 77 пратеници, за гласале 77, воздржани и против нема.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за избор на претседатели, заменици на претседателите, членови и нивни заменици на комисиите на Собранието на Република Македонија.

**Минуваме на точка 4 - Предлог на одлука за прераспределба на средствата меѓу буџетските корисници**

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отварам претрес по текстот на Предлог на одкуката.

Молам кој бара збор?

Има збор господинот Најдовски Слободан, повелете.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине претседателе.

Почитувани пратеници, почитувани преставници на Владата,

Јас причекав пред да се пријавам за збор, очекував претставник на Владата да ја образложи одлуката за прераспределба на средствата меѓу буџетските корисници. Веќе морам да ви кажам вака како што е напишана е доста нејасна и по однос на самите бројки и по однос на самата суштина на прераспределбата внарте во предложените финансиски средства. Одлуката, согласно Законот за буџети на Република Македонија, во неколку работа се навистина нејасни. На пример, вели: други тековни расходи се зголемува за 1.206 денари, што е малку смешно, би рекол и нелогично, 1.206 денари. Но, да го тргенме и тоа на страна.

Основно е што Владата на самиот почеток предлага одлука што е во контрадикторност и спротивност со она што премиерот, односно Никола Груевски во своето воведнот излагање, своето експозе при формирањето на Владата го деклараше како принципи на дејствувањето на Владата.

Имено, ако добро се сеќавате, тогашниот кандидат за премиер, сегашниот премиер господинот Груевски, во своето експозе рече дека Владата ќе ги елиминира во следната година сите трошоци што се во врска со мебел, опрема, со инвентар, со договорни услуги и ред други работи што ги сметаше како непотребни трошоци. Но, само после една недела, Владата ни предлага

одлука за прераспределба на средствата меѓу буџетските корисници за овие цели.

Оттука сметам дека е потребно да претставникот на Владата даде објаснвуање зошто, уште на самиот почеток ги менува принципите што ги истакнуваа при изборот на Влада, бидејќи и самите прераспределби се дадени за оние позиции каде што може слободно да одлучуваат по сопствена војла, како ќе ги трошат предложените средства. Затоа сметам, ако тргнеме од принципиелни причини, дека Владата, во најмала рака што може да направи, тоа е да ја повлече оваа одлука или пак да даде објаснување зошто ги прави овие прераспределби. Или пак нешто со бројките не е во ред, на едно место се дадени без нулите за милиони, на друго место со нулите, така што предизвикува и забуна од една страна, а исто и кршење на самиот почеток на принципите што ги промовираше токму оваа Влада.

Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Ви благодарам господине Најдовски.

Дали некој друг бара збор?

Има збор господинот вицепремиер Ставрески.

Повелете.

**Зоран Ставрески:** Благодарам.

Причина за доставената одлука за прераспределба на средства меѓу буџетските корисници е исплата на две судски решенија за присилна наплата што се однесуваат на група доверители, физички лица, во вкупен износ од 26 милиони денари. Средствата за оваа намена се обезбедуваат од Програмата за поттикнување на вработување, што во суштина значи спроведување на Законот за поттикнување на вработувањето од 2003 година, со што државата ги покриваше придонесите на нововработените во периодот од 24 месеци. Согласно реализацијата во текот на 2006 година, буџетската алокација во оваа програма е ценета како превисока и предложената прераспределба нема да го наруши завршното финансирање на законското решение од 2003 година.

Сметаме дека предложената одлука не нарушува никакви принципи на трошење за кои што се залагаше Владата, со оглед дека се работи само за пополнување на позициите во ист износ, колку што беа предвидени од предходната влада во Буџетот од 2006 година. Но, со оглед дека сега има извршни решенија со што е блокирана сметката и поради што не можат да се користат тие позиции бидејќи се потрошени за наплата на овие извршни решенија, за присилната наплата, па заради тоа предвидуваме истиот износ што претходно бил на тие позиции сега да биде пополнет. Тоа значи само премостување за да може да функционира Владата. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам господине Ставрески.

Дали уште некој бара збор, молам?

Има збор господинот Најдовски.

**Слободан Најдовски:** Благодарам почитуван претседателе.

**Љубиша Георгиевски:** Тоа е реплика или?

**Слободан Најдовски:** Се јавувам за збор.

Господине претседателе,

Дури сега, после ова објаснување на вицепремиерот, изгледа или јас не сакам да го навредам, но изгледа не ја има прочитано одлуката што ни е продложена. Во неа има, точно е по трансфери, до Агенција за вработување се намалува 26 милиони денари. И, ни кажува дека тие се заради исплата на достигнати судски решенија.

Можеби, во еден дел, господине вицепремиеру, ако е ова "разни трансфери", каде што е 21 милион и 411.979 денари, да. Но, зошто ги премолчувате другите ставки што ги предлагате во одлуката? Ќе ви прочитам:

"Купување на мебел, опрема, возила и машини, се зголемува за 3.635.544 денари".

Разделот "Договорни услуги" се зголемува за 225.888 денари. "Патни и дневни расходи" се зголемува за 681.825 денари. Значи, господине вицепремиеру, не е она што вие го говорите. 26-те милиони се распределуваат и во други ставки. Затоа барав дообјаснување, затоа реков самата ставка "Купување мебел, опрема, возила и машини" што се зголемува за 3.635.544 денари покажува дека го погазувате оној принцип за што се декларирате и децизно ставивте дека во 2007 година тоа нема да се случи, а камо ли сега во 2006 година. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам господине Најдовски.

За збор се јави вицепремиерот, Ставрески.

**Зоран Ставрески:** Уште еднаш да појаснам, се надевам дека овој пат ќе биде доволно јасно за да сфатат пратениците уште еднаш за што се работи.

Средствата што постоеја на тие сметки, постојано се празнат со извршната наплата. Не може Владата едноставно да функционира и само заради тоа се предвидуваат овие средства за да може практично Владата да функционира затоа што сите средства што ќе се појават на овие сметки се симнуваат со извршната наплата со присилната наплата. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејки никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 84 пратеници, 75 пратеници гласале за, 3 воздржани, 6 против.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за прераспределба на средствата меѓу буѓетските корисници.

**Минуваме на точката 5 - Предлог за донесување на закон за изменување и**

**дополнување на Законот за данокот на додадена вредност, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот Ви е доставен.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

Процедурално, господинот Слободан Најдовски.

**Слободан Најдовски:** Почитуван господине претседателе, дами и господа пратеници, ние веќе ги формиравме комисиите како постојани работни тела во Собранието на Република Македонија. Правило е, и потреба е сите закони кои што ги разгледува Собранието на Република Македонија да ги разгледуваат надлежните комисии како работни тела во Собранието на Република Македонија. Со оглед на тоа што се работи за закон кој што е од важност и од финансиската сфера, сметам дека е потребно овој закон да го гледа Комисијата за финансирање и буџет на Собранието на Република Македонија. И после тоа врз основа на Извештајот од Комисијата за финансирање и буџет да расправа и Собранието на Република Македонија.

Согласно член 76 од Деловникот за работа на Собранието, предлагам Собранието да донесе одлука да ја прекинеме расправата, а имајки во предвид и вие господине претседателе така предложивте на претходната пауза. Предлагам да ја прекинеме расправата. Во текот на утрешниот ден, или во понеделник да расправа Комисијата за финансирање и буџет по овој закон. Другите комисии да расправата поодноs на останатите закони со кои што го дополнивте денес дневниот ред и врз основа на извештаите на тие комисии после тоа да продолжи расправата во Собранието на Република Македонија. Сметам дека тоа е исправно и дека треба така да работиме.

**Љубиша Георгиевски:** Го прифаќам вашиот предлог во целост и предлагам седницата да продолжи во вторник со почеток во 11,00 часот.

(Седницата прекина во 15,34 часот)